ЗДРУЖЕНИЕ НА БАНКАРСТВО
Бр.29-1188/2
28.7.2017 година
Скопје

Врз основа на член 4 од Правилата за организацијата и начинот на работа на Здружението на банкарството, Управниот Одбор на Здружението на Банкарство на седницата одржана на ден 28.7.2017 донесе

# ПРАВИЛА
# ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА СТАПКА - НРС

## I. ВОВЕД

Со Правилата за објавување на Национална референтна стапка – НРС (во понатамошниот текст: Правила) се уредува начинот на објавување на националната референтна стапка – НРС, во насока на зголемување на транспарентноста на работењето и продолжување на процесот на прифаќање и имплементација на најдобрите банкарски практики.

Целта на овие Правила е да обезбедат унифицирање на условите, начинот и постапката на објавување и примена на Национална референтна стапка – НРС, како една од опциите за избор на референтна каматна стапка за побарувања и/или обврски во денари.

## II. ДЕФИНИРАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА СТАПКА – НРС

Како национална референтна стапка се дефинира **каматната стапка на денарски депозити без валутна клаузула (сметководствени состојби),** која ја објавува Народна Банка на Република Македонија (НБРМ) а во чија пресметка согласно методологијата се вклучени денарските депозити без валутна клаузула договорени со домаќинствата и нефинансиските институции, резиденти на Република Македонија.

## III. ОБЈАВУВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА РЕФЕРЕНТНА СТАПКА - НРС

Народна банка на Република Македонија на својата веб страна www.nbrm.mk -на почетната страна, секој месец ја објавува **каматната стапка на денарски депозити без валутна клаузула (сметководствени состојби),** согласно Календарот на објавување статистички податоци. Оваа каматна стапка, како опција за избор на референтна каматна стапка, важи од 01-ви следниот месец.

Здружението на банкарство на денот на објавувањето од страна на НБРМ истата ја превзема и ја објавува на веб страната на Здружението www.mchamber.mk, **под називот Национална референтна стапка.**

## IV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Правилата за објавување на НРС стапуваат на сила по усвојувањето од страна на УО на Здружението на банкарство, а ќе се применуваат од 01.08.2017 година.

Претседател
Коста Митровски, с.р

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Согласно Препораките на Гувернерот на НБРМ за престанок на примената на прилагодливите каматни стапки на депозитните и кредитните производи почнувајќи од 30.06.2017 година, како една од можните алтернативи на банките за употреба на референтна каматна стапка која ќе биде објавена од трета-независна страна, Здружението на банкарство (во натамошниот текст: ЗБ), се одлучи за избор на една од постоечките каматни стапки кои ги објавува НБРМ и тоа пондерираната каматна стапка на денарските депозити без валутна клаузула, сметководствени состојби. Дополнително, ЗБ одлучи оваа каматна стапка да добие третман и име " Национална референтна каматна стапка".
При изборот на оваа каматна стапка се тргна од ставот дека оваа каматна стапка е кумулативна каматна стапка и истата ги содржи сигналите на вкупниот пазар на депозити-извори на финансиски средства во Република Македонија.
Пондерираната каматната стапка на вкупните депозити без валутна клаузула, сметководствени состојби-Национална референтна стапка, ја пресметува НБРМ врз основа на индивидуални податоци од банките во РМ, и ја објавува во своите статистички извештаи, но и на почетната интернет страница, со цел оваа каматна стапка да биде лесно достапна за банките и клиентите.
Истовремено, Здружението на банки на РМ ќе ја презема оваа каматна стапка и истата ќе ја објавува на својата интернет страница, согласно каландарот на објавување на статистички податоци.